СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Четврток, 11 април 1963
Скопје
Број 14 Год. XIX

Претплатата за 1963 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

79.

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија, се прогласува Законот за здравствено осигурување на земјоделците, што Народното собрание на Народна Република Македонија го усвои на седницата на Републичкиот собор, одржана на 11 април 1963 година и на седницата на Соборот на производителите, одржана на 11 април 1963 година.

У бр. 9
11 април 1963 година
Скопје

Претседател на Народното собрание,
Љупчо Арсов, с. р.

Претседател на Извршниот совет,
Александар Грличков, с. р.

ЗАКОН
ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Сите самостојни земјоделски производители и членови на нивните домаќинства (во натамошниот текст: земјоделци) во Народна Република Македонија здравствено се осигурени на начин и под условите предвидени со овој закон.

Член 2

Здравственото осигурување на земјоделците се засновува врз начелата на взаемност, солидарност и самофинансирање во рамките на заедниците за здравствено осигурување на земјоделците, како самостојни самоуправни организации на осигурениците — земјоделци.

Член 3

Земјоделци во смисла на овој закон се сите лица што се занимаваат со земјоделска дејност како редовно занимање или со лов и риболов со цел на стопанисување без оглед дали имаат приходи од друго самостојно занимање, вклучувајќи ги и членовите на нивните домаќинства ако тие ги издржуваат.

Член 4

Одредбите на овој закон не се однесуваат на земјоделците кои се здравствено осигурени по било кој друг основ.

Член 5

Здравственото осигурување на земјоделците е општо, задолжително и единствено за земјоделците од подрачјето на кое се воведува и организира.

Здравственото осигурување на земјоделците е основно и проширено.

Член 6

Со основното здравствено осигурување на земјоделците (во натамошниот текст: основно осигурување) им се обезбедува здравствена заштита во еднаков обем и под условите определени во овој закон.

Член 7

Со проширеното здравствено осигурување (во натамошниот текст: проширено осигурување) на земјоделците им се обезбедува здравствена заштита во поширок обем, како и користење под поповолни услови на здравствената заштита што им е обезбедена со основното осигурување, под условите и на начинот определени со овој закон.

Член 8

Никој не може да ги намали или ограничи правата што на осигурените лица им се обезбедуваат според овој закон.

Правата од здравственото осигурување здобиени според овој закон можат да престанат само во случаите и под условите определени со закон.

Член 9

Осигурените лица по овој закон имаат право на судска заштита поради остварување на своите права.

Член 10

Правата на здравственото осигурување на земјоделците не можат со договор да се менуваат, ниту да се пренесуваат по било кој основ од едно на друго лице.

Член 11

Финансиски средства за спроведување на здравственото осигурување на земјоделците се остварува̀ат од придонеси што ги плаќаат земјоделците и другите граѓани кои имаат приходи подложени на данок од земјоделие (селско стопанство), како и од други приходи определени со овој закон.

Од средствата остварени со придонесите и други приходи се образуваат фондови за здравствено осигурување на земјоделците, како и фондови со одделна намена, според одредбите од овој закон.

Член 12

Правата од здравственото осигурување се остваруваат на товар на фондовите за здравствено осигурување на земјоделците, со тоа што за определени видови здравствена заштита осигурените лица непосредно плаќаат дел од трошоците во висина определена со овој закон или друг пропис донесен врз основа на него.

Член 13

За определени ризици во спроведувањето на здравственото осигурување на земјоделците се установува реосигурување во рамките на Републичката заедница на здравственото осигурување на земјоделците.

Член 14

Здравственото осигурување по овој закон го спроведуваат заводите за социјално осигурување, основани според Законот за организација и финансирање на социјалното осигурување.

Член 15

Здравствената заштита ја обезбедуваат здравствените установи со наплата на трошоците од фондовите и осигурениците на начин определен со овој закон.

Член 16

Надлежните органи на општествено-политичките заедници се грижат за законитоста на работата на организациите за спроведување на здравственото осигурување на земјоделците.

II. ОСИГУРЕНИ ЛИЦА

Член 17

Според овој закон осигурени се:

1. непосредните земјоделски производители, кои не се во редовен трудов однос;

2. лицата кои покрај земјоделска дејност обавуваат и занаетчиска дејност, кога по сопствен избор се определат за здравствено осигурување како земјоделци;

3. лица што се баваат со лов и риболов со цел за стопанисување, а на приходите што ги остваруваат плаќаат данок на доход.

Извршниот совет ќе ги пропише условите под кои лицата од точка 2 на претходниот став ќе можат да го ползуваат правото на избор.

Член 18

Како осигурени лица кои имаат право на здравствено осигурување се и следните членови на семејството на осигурениците од претходниот член:

1. брачниот другар ако е во брак со осигуреникот;

2. разведениот брачен другар на кого со судска одлука му е одредено издржавање, а во моментот на разводот бил постар од 50 години (жена) односно 65 години (маж). Брачниот другар кој во моментот на разводот бил помлад од 50, односно 65 години му се продолжува осигурувањето по овој закон ако кај него постои инвалидност од I категорија во смисла на прописите за инвалидско осигурување;

3. децата на осигуреникот: брачни, вонбрачни, усвоени, пасторчиња и што осигуреникот ги зел на издржување, ако ги исполнуваат условите од овој закон;

4. родителите, дедото, мајката, дедото и бабата, браќа и сестри на осигуреникот ако се неспособни за работа и немаат сопствени приходи за издршка, па поради тоа ги издржува осигуреникот.

Член 19

Децата на осигуреникот или децата што ги зел на издржување се осигурени до навршувањето на 15 години од животот, а ако се на школување до крајот на пропишаното редовно школување, а најдоцна до навршување на 26 годишна возраст.

Ако децата од став 1 на овој член поради болест го прекинат редовното школување, осигурени се и за време на траењето на болеста, а ако го продолжат редовното школување им се продолжува осигурувањето и по истекот на одредените старосни граници, но најповеќе за онолку време колку траело прекинот на школувањето поради болеста.

Ако децата од став 1 на овој член станат неспособни за самостоен живот и работа, во смисла на прописите за инвалидско осигурување пред да наполнат 15 години од животот односно додека се на редовно школување, осигурени се и за сето време додека трае неспособноста.

Осигурени се и децата од ставот 1 на овој член што ќе станат неспособни за самостоен живот и работа во смисла на прописите за инвалидското осигурување и по истекот на времето од ст. 1 до 3 на овој член, додека трае неспособноста, ако ги издржува осигуреникот заради тоа што немаат соодветни приходи доволни за издршка.

Децата што осигуреникот ги зел на издржување осигурени се по правило ако немаат родители. Децата кои имаат еден или обата родители осигурени се како деца без родители што осигуреникот ги зел на издржување, ако родителите поради нивната здравствена положба или друга околност не се во можност да стопанисуваат, односно да се грижат за децата и да им обезбедат издржување, а децата односно нивните родители немаат сопствени приходи за издржување.

Член 20

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на семејството ако данокот на доход од земјоделство односно нивните други сопствени приходи не го надминуваат износот определен со прописите што важат за здравственото осигурување на работниците.

III. ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Основно осигурување

Член 21

Со основното осигурување на земјоделците им се обезбедува право да користат здравствено осигурување без непосредно плаќање на дел од трошоците на здравствената заштита и тоа за:

1. лекување во сите здравствени установи вклучувајќи ги и лековите во случај на заболување од колера, чума, жолта треска, голема сипаница, пегавец, повратна треска, трбушен тифус, паратифус, менингитис, летаргичен енцефалитис, заразна жолтица, сакагија, дифтерија, тетанус, црн пришт, лепра, беснило, велјова болест, кјугорозница лепотоспироза, туларемија, полиомиекатис, бабина треска, кала азар, трахома, дизентерија, шарлах, црвен ветер, мали сипаници, голема кашлица, малтешка треска, Бангова болест, гонореа, луес, мек чир, четврта венерична болест, микоза, маларија;

2. лекување во соодветни здравствени установи во случај на заболување од душевни болести кога разболеното лице е опасно по живот на други лица;

3. вакцинирање кога тоа е задолжително според посебни прописи;

4. дезинфекција, дезинсекција, дератизација во стан, кога медицински се индицирани поради појава на заразна болест;

5. амбулантно-поликлиничко лекување на сите форми заболувања од туберкулоза, малигни тумори, заразни заушки, паратитис, микроспорија, фавус и трихофитија;

6. лекување и полна опскрба на родилките до седум дена во стационарните установи за време на пороѓајот, како и лекарска и друга стручна помош пред, за време и после пороѓајот во сите здравствени установи и во домот на родилката, ако е во врска со бременоста или пороѓајот;

7. амбулантно-поликлиничко лекување на деца до три годишна возраст од било која болест.

Член 22

По основ на основното осигурување земјоделците имаат право на користење здравствена заштита со непосредно плаќање на дел од трошоците во случај на заболување од болести што не се определени во претходниот член и тоа за:

1. амбулантно поликлинички прегледи (општи и специјалистички) од пропишаната цена на услугата 25%;

2. болничко лекување на деца до 3 годишна возраст и со право на опскрба на мајката која го дои детето до 1 година од пропишаната цена на услугата 5%;

3. амбулантно поликлиничко и болничко лекување на деца од претшколска возраст, од цената на услугата 10%;

4. амбулантно поликлиничко и болничко лекување на ученици и студенти до крајот на пропишаното школување, но најдоцна до 26 годишна возраст од цената на услугата 15%;

5. стационарно лекување на сите форми заболувања од активна туберкулоза, а на малигни тумори само во случаите кога е неопходна хируршка интервенција, од цената на трошоците 5%;

6. вадење и лекување на заби со пломбирање од цената на услугата 50%;

7. незадолжителни вакцинации од цената на услугата 50%;

8. лекување во стационарни установи ако со овој член не е поинаку определено, од вкупните трошоци 30%;

9. лекови и санитарни материјали кога не се пресметани во цената на здравствената услуга 50%;

10. лековите за заболувања од ТБЦ кога не се пресметани во цената на здравствената услуга 10%;

11. користење на брза помош за превоз до најблиската здравствена установа во итни случаи, од цената на услугата 50%.

Преостанатиот дел од трошоците на здравствената услуга го плаќа фондот за здравствено осигурување на земјоделците.

Член 23

Извршниот совет може да обезбеди средства за спроведување на превентивни мерки за спречување и отклонување на опасноста од поедини видови заболувања од член 21 на овој закон.

Општинскиот народен одбор на одделни седници на соборите може да одлучи за поедини категории земјоделци со послаба имотна положба, трошоците за некои видови здравствени услуги кои по законот треба да ги платат самите корисници, во целина или делумично, да се плаќаат од средствата на општинскиот буџет.

2. Проширено осигурување

Член 24

Проширено осигурување на земјоделците може да се воведе на подрачјето на одделна комунална заедница, односно општина на подрачјето на комуналната заедница, ако тоа дозволува економската положба на осигурениците и развиеноста на здравствената служба, и ако за тоа се изјасни мнозинството од собирите на земјоделците од тоа подрачје.

Извршниот совет ќе донесе поблиски прописи за составот, свикувањето, одржувањето и работата на собирите на земјоделците.

Член 25

Проширено осигурување се воведува со одлука на собранието на комуналната заедница за здравствено осигурување на земјоделците, во согласност со надлежниот општински народен одбор, ако работењето на фондовите за основното осигурување формирани за односната заедница за последните три години, било урамнотежено со приходите остварени преку редовните придонеси.

За спроведување на проширеното осигурување кај заводите се формираат посебни фондови, чие работење се води одвоено од работењето на другите фондови.

Со одлуката на собранието на заедницата што воведува проширено здравствено осигурување се определуваат: видовите на заштитата односно правата и обврските што се обезбедуваат со проширеното осигурување; висината на придонесот за проширеното осигурување; условите и начинот на пристапување кон проширеното осигурување и

начинот за работењето на фондовите за проширеното осигурување.

Член 26

Со проширеното здравствено осигурување на земјоделците им се обезбедуваат права и видови на здравствена заштита кои не се осигурени со основното здравствено осигурување, а особено:

1. заботехничка помош и забни протетички средства;

2. протези и други ортопедски помагала и санитарни справи;

3. лекување во здравствени установи специјализирани за лекување со примена на природни фактори во лекувањето, кога е тоа неопходно потребно;

4. патни и дневни трошоци.

Член 27

Со проширеното здравствено осигурување на земјоделците може да им се обезбеди користење на одделни видови здравствена заштита од член 22 на овој закон под поповолни услови од условите определени по тој член. Делот на трошоците за здравствените услуги што го плаќа фондот на проширеното осигурување во тие случаи не може да биде помал од 50% од вкупниот износ на трошоците.

Член 28

Собранието на комуналната заедница во согласност со надлежниот општински народен одбор може да го укине проширеното здравствено осигурување воведено за подрачјето на комуналната заедница.

Собранието на комуналната заедница е должно да донесе одлука за укинување на проширеното осигурување кога приливот на предвидените средства по претсметката на фондот во последните три години биле помалку од 50%, а средствата за покривање вишоците на расходите над приходите на фондот за проширеното осигурување не се обезбедени за наредната година.

Со одлуката за укинување на проширеното осигурување се определува намената и начинот на употребата на преостанатите средства од фондот, како и начинот на покривање вишоците на расходите над приходите што настанале во неговото работење.

Член 29

Ако осигурено лице се затече во користење на правото од проширеното здравствено осигурување во време на неговото укинување, продолжува со користењето на истото до оздравувањето, но најмногу до 3 месеци од влегувањето во сила на одлуката со која се укинува проширеното осигурување.

Недостигот на средствата за покривање на расходите од претходниот став се надоместува од буџетот на општината.

IV. Остварување на здравствената заштита

Член 30

Земјоделците ја остварува здравствената заштита во здравствените установи на основа пропишана здравствена легитимација.

Во итни случаи органите на здравствената служба не можат да откажат здравствена помош иако лицето не е во можност да го докаже својството на осигуреник.

Член 31

Здравствената легитимација на земјоделците им ја издава надлежниот комунален завод за социјално осигурување на пропишан образец.

Образецот на здравствената легитимација, рокот на нејзиното издавање и начинот на употребата ги пропишува Републичкиот завод за социјално осигурување во согласност со Советот за народно здравје на НРМ.

Член 32

Земјоделците ја користат здравствената заштита во обемот, определен со овој закон и прописите на собранијата на комуналните заедници, по правило кај здравствените установи што укажуваат определени видови здравствена заштита на подрачјето на кое се наоѓа нивното место на живеење.

Ако здравствената установа од соодветното подрачје не може да укаже соодветна здравствена заштита, осигуреникот само со упат од здравствената установа од подрачјето на местото на живеењето, може да користи право на здравствена заштита кај здравствените установи од друго најблиско подрачје.

По исклучок, кога осигуреникот привремено се наоѓа надвор од местото на живеењето, во итни случаи може да користи здравствена заштита на друго подрачје и без упат ако со здравствената легитимација докаже својство на земјоделски осигуреник.

Член 33

Делот на трошоците од здравствените услуги што по одредбите на овој закон и прописите на собранието на комуналната заедница паѓаат на товар на земјоделците, осигуреникот непосредно го плаќа на здравствената установа што му укажала здравствена заштита.

Ако корисникот на здравствената услуга од претходниот став не го плати определениот дел на трошоците, а здравствената установа била должна да укаже здравствена заштита, наплатата ќе се изврши преку општинскиот народен одбор.

Општинскиот народен одбор ќе ги наплати средствата од претходниот став во прописите за наплата на даноците.

Член 34

Заводите за социјално осигурување склучуваат договор со здравствените установи за укажување здравствена заштита на земјоделците.

Со договорот се утврдуваат условите и начинот на укажување здравствена заштита на осигурениците — земјоделци, начинот на пресметувањето и плаќањето на здравствените услуги, обемот на превентивна здравствена заштита и друго.

Член 35

Собранието на комуналната заедница за здравствено осигурување на земјоделците донесува правилник за начинот на остварување здравствена

заштита од страна на земјоделците на товар на фондот, сходно на одредбите што се применуваат за здравственото осигурување на работниците.

V. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

1. Општи одредби

Член 36

Осигурениците — земјоделци од една или повеќе општини сочинуваат комунална заедница на здравственото осигурување на земјоделците (комунална заедница).

Комуналните заедници во Републиката сочинуваат Републичка заедница на здравственото осигурување на земјоделците (Републичка заедница).

Член 37

Во рамките на заедниците се обезбедуваат средства за фондовите на здравственото осигурување и се организира самоуправувањето на осигурениците.

Член 38

Заедниците меѓусебно соработуваат и спогодбено решаваат за работите од заеднички интерес.

Заедниците соработуваат со органите на општествено-политичките заедници за остварување на задачите и преземање на мерки за спроведување на здравственото осигурување на земјоделците.

Член 39

Осигурениците — земјоделци во рамките на заедниците го остваруваат самоуправувањето преку собранијата на заедниците.

Член 40

Собранието на секоја заедница го избираат изборни тела.

Составот и начинот за образување изборни тела односно за избор на членови на собранието на комуналната заедница и на собранието на Републичката заедница го определува со пропис Извршниот совет.

Во собранието на заедниците влегуваат и претставници на органи и организации заинтересирани за здравствената заштита на земјоделците.

Член 41

Мандатот на членовите на собранието на заедницата трае четири години, со тоа што по секои две години се избираат половина нови членови на Собранието.

За благовремено и законито избирање на членови на собранието на заедницата се грижат соодветните општински народни одбори односно Извршниот совет.

Начинот на изборот и отповикувањето на собранието се регулира со посебни прописи.

Член 42

Членот на собранието на заедницата за својата работа му одговара на собранието и на телото што го избрало.

Телото што го избрало членот на собранието на заедницата, може и да го отповика и пред времето за кое е избран.

Член 43

Општите акти на собранието на заедницата се објавуваат во службениот весник во кој се објавуваат прописите на органите на соодветната општествено-политичка заедница.

Член 44

Собранието на заедницата ги врши особено следните работи:

1. ја утврдува програмата за дејноста на здравственото осигурување на земјоделците и мерките за унапредување заштитата на осигурениците во рамките на заедницата, ја определува политиката за користење на средствата на фондовите на заедницата и дава насоки за функционирањето на службата за спроведување на здравственото осигурување заради правилно остварување на правата на осигурените лица, за рационално работење на фондовите на заедницата, за економично трошење на средствата и рентабилно вложување на расположивите средства;

2. донесува општи акти за осигурувањето и спроведувањето на здравственото осигурување кога е овластено со закон;

3. ги определува согласно со законот стопите на придонесот за здравствено осигурување и врши расподелба на придонесот на средствата за фондовите и режиски додаток за трошоците на службата за спроведување на осигурувањето;

4. донесува финансов план и ја усвојува завршната сметка на фондовите на заедницата;

5. одлучува за обезбедување на дополнителни средства и за начинот на покривањето на кусоците настанати во работењето на фондовите на заедницата;

6. ги определува своите претставници во органите на управувањето на заводот;

7. го претресува годишниот извештај на комуналниот завод за спроведување на здравственото осигурување на земјоделците на подрачјето на заедницата;

8. одлучува, согласно со законот за основите, обемот и начинот на спроведувањето на реосигурувањето;

9. одлучува за соработка со другите комунални заедници и органи во работите од заеднички интерес и

10. одлучува за воведување и спроведување на проширеното осигурување.

Собранието на заедницата работи спред деловникот што го донесува.

2. Заедници на здравственото осигурување на земјоделците

а) Комунална заедница

Член 45

Комуналните заводи односно Републичкиот завод за социјално осигурување образувани за работничкото осигурување ги вршат и работите за спроведување на здравственото осигурување на осигурениците — земјоделци на подрачјето за кое се основани, според Законот за организацијата и

финансирање на социјалното осигурување и другите прописи, како и по одредбите на овој закон и општите акти на собранијата на заедниците.

Член 46

Во рамките на комуналната заедница на земјоделците се остварува самоуправувањето со здравственото осигурување и се обезбедуваат средства за здравственото осигурување на лицата опфатени со овој закон.

Член 47

Комуналната заедница ја образува општинскиот народен одбор на заедничка седница на соборите.

Комуналната заедница за подрачје на две или повеќе општини формираат спогодбено народните одбори на тие општини.

Ако општинските народни одбори не постигнат согласност за образување на заедничка комунална заедница за подрачјето на повеќе општини, за образувањето на заедницата одлучува Извршниот совет или орган што ќе го овласти, по прибавено мислење од заинтересираните народни одбори.

Член 48

Комунална заедница може да се образува ако на подрачјето за кое се образува има најмалку 10.000 осигуреника, и ако со средствата остварени од придонесот за здравствено осигурување можат да се подмират потребите за спроведување на здравствено осигурување (правата на осигурениците, образување на пропишана резерва и трошоците на службата за спроведување на здравственото осигурување).

Дали на определено подрачје се исполнети условите за образување на комунална заедница, во секој случај утврдува Секретаријатот за труд на Извршниот совет по прибавено мислење од Републичкиот завод за социјално осигурување.

Член 49

На образувањето, спојувањето и издвојувањето на комуналните заедници, како и на меѓусебните односи на општините и комуналните заедници, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за организација и финансирање на социјалното осигурување.

Член 50

Собранието на комуналната заедница, покрај работите предвидени од член 44 на овој закон, ги врши особено и следните работи:

1. го разгледува обезбедувањето на средствата за здравственото осигурување и функционирањето на здравственото осигурување на подрачјето на комуналната заедница и одлучува за преземањето односно предлагањето на мерките во врска со тие прашања;

2. одлучува за основите и дава насоки за воспоставување на правилни односи со здравствените установи и здравствената служба на подрачјето на заедницата односно заводот; и

3. врши и други работи што му се ставени во надлежност со овој закон.

Член 51

Во општините на комуналната заедница, образувана за две или повеќе општини, може да се образуваат одбори или совети на осигурениците.

При образувањето и делокругот на работењето со одборите односно советите на осигурениците ќе се применуваат одредбите за соодветните тела на комуналните заедници на осигурениците — работници.

б) Republička zajednica

Член 52

Во рамките на Републичката заедница се остварува самоуправувањето и обезбедуваат средства за реосигурување на определени ризици од здравственото реосигурување.

Член 53

Собранието на Републичката заедница, покрај работите од член 44 на овој закон, ги врши особено и следните работи:

1. го разгледува обезбедувањето на средствата за фондовите на заедниците и финансирањето на здравственото осигурување на земјоделците во рамките на Републиката и одлучува, односно дава предлози за преземањето на соодветни мерки;

2. го разгледува обезбедувањето на средствата на фондовите за здравствено реосигурување;

3. одлучува за основите, обемот и начинот на спроведувањето на задолжителното здравствено реосигурување и за воведување на доброволно реосигурување за одредени ризици од здравственото осигурување;

4. одлучува за употребата на средствата од фондовите и висоците на фондовите;

5. ја одредува висината на премиите за здравственото реосигурување;

6. врши и други работи што им се ставени во надлежност со овој закон.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Член 54

Средствата за финансирање на здравственото осигурување на земјоделците се обезбедуваат од придонесите што ги плаќаат земјоделците и другите граѓани кои имаат приходи што подлежат на данок од земјоделие како и од други приходи одредени со овој закон.

Член 55

Средствата потребни за здравственото осигурување, во рамките на одделни заедници, се утврдуваат со програмите што ги донесуваат собранијата на заедниците за времето за кое се донесуваат општествените планови за стопанскиот развој. Во зависност со утврдените потреби се определуваат стопите на придонесите.

Средствата потребни за одделна година се утврдуваат и распоредуваат со финансискиот план на фондовите на здравственото осигурување (во натамошниот текст: фондови) образувани за одделни заедници.

За извршувањето на финансискиот план заводите составуваат завршна сметка со која конечно

се утврдуваат приходите и расходите на фондовите на одделни заедници за секоја година.

Член 56

Висината на придонесите се определува во зависност од потребата за покривање на вкупните расходи за основното здравствено осигурување на земјоделците.

Член 57

Стопата на придонесот за основното осигурување ја определува собранието на комуналната заедница во согласност со општинскиот народен одбор.

Највисоката граница до која собранијата на комуналните заедници може да ја одредат стопата на основниот придонес ја одредува Народното собрание со своја одлука.

Член 58

Како основ за пресметнување на придонесот за основното осигурување се зема катастарскиот приход од земјоделската дејност, како и приходите од споредните стопански дејности во земјоделието што подлежат на оданочување односно бројот на осигурените членови на земјоделското домаќинство или обата основа.

Како основ за пресметнување на придонесот за основното осигурување на лица што не се оданочуваат по катастарски приход, а остварува приходи од земјоделие, се зема бројот на членовите на домаќинството.

Член 59

Како основ за пресметнување на придонесот за проширеното осигурување се зема катастарскиот приход и приходите од споредните стопански дејности во земјоделството што подлежат на оданочување или бројот на членовите на домаќинството.

Придонесот од претходниот став се определува најмалку во висина со која на фондот му се осигуруваат потребните средства за покривање на расходите што настануваат поради спроведување на проширеното осигурување.

Член 60

Придонесот за здравствено осигурување го наплатуваат од земјоделците општинските народни одбори едновремено и во сразмер со наплатениот данок односно аконтацијата на име данок на доход од земјоделие.

Наплатениот придонес се книжи на збирната приходна сметка на општината и по однапред утврден ключ на секои десет дена се преведува соодветен дел на фондот за здравствено осигурување.

При утврдувањето на клучот за празнење на збирната приходна сметка, општинскиот народен одбор прибавува согласност од управниот одбор на комуналниот завод за висината на процентот од вкупните средства што му припаѓаат на фондот за здравствено осигурување на земјоделците.

Во случај на спор при утврдување на клучот за празнење на збирната приходна сметка одлучува Државниот секретаријат за работи на финансиите.

При пресметнувањето и наплатата на придонесот за здравствено осигурување се применуваат прописите за претсметнување и наплата на данок на доход од земјоделие.

Член 61

Недостигот на средства во фондот за основно здравствено осигурување што настанува во текот на годината поради нерамномерно наплатување на придонесот од земјоделците привремено се обезбедува со кредит според општите прописи.

Член 62

Средствата остварени од придонесите за основното осигурување не можат да се користат за покривање на расходите што настануваат по основ на проширено осигурување.

а) Фондови на заедниците

Член 63

Од средствата остварени за основно осигурување, при комуналните заводи се образува фонд за основно здравствено осигурување на земјоделците, посебно за секоја комунална заедница.

Член 64

Од средствата остварени за проширено осигурување, за подрачјето на кое е воведено такво осигурување, при комуналниот завод се образува фонд за проширено осигурување на земјоделците.

Член 65

За одредени ризици во основното здравствено осигурување при Републичкиот завод за социјално осигурување, фонд се образува за задолжително здравствено реосигурување на земјоделците.

Член 66

Од средствата на фондовите за здравствено осигурување обезбедени од основните придонеси се издвојува дел за потребите на заводот за спроведување на здравственото осигурување на земјоделците (режиски додаток).

Висината на делот што се издвојува за потребите на заводот ја одредуваат собранијата на комуналните заедници по предлог од управниот одбор на заводот, во одреден процент или во износ одреден по осигуреник.

1. Средства на фондовите

Член 67

Средства на фондот за основно здравствено осигурување се обезбедуваат:

1. од придонесите за здравствено осигурување, по издвојување на режискиот додаток и делот определен за образување на резервен фонд;
2. од вонреден придонес;
3. од надоместок по основ на реосигурувањето;
4. од наплатените камати и надоместоци; и
5. од други приходи.

Член 68

Од средствата на Фондот за основно здравствено осигурување се покриваат расходите за здравствена заштита на осигурените лица, за спрове-

дување на превентивна здравствена заштита, за премиите на здравственото реосигурување и други мерки за унапредување на здравствената заштита.

Член 69

За основното здравствено осигурување се образува резервен фонд.

Средствата на резервниот фонд се образуваат:

1. со издвојување одреден процент од средствата остварени од придонесите за основно здравствено осигурување во висина што одредува собранието на комуналната заедница; и

2. со издвојување најмалку 50% од вишокот на приходите над расходите остварени во Фондот за основното здравствено осигурување.

Издвојувањето за резервниот фонд по претходниот став се врши сé додека резервата не ја достаса височината од 10% од вкупните расходи на Фондот за основно здравствено осигурување во последната година.

Член 70

Вишокот на приходите над расходите утврден со завршната сметка на Фондот за основно здравствено осигурување по издвојување на средствата за резервниот фонд, се пренесуваат како приходи во идната година.

Ако со завршната сметка на Фондот за основно здравствено осигурување се појави вишок на расходите над приходите, вишокот на расходите се покрива од резервниот фонд на основното здравствено осигурување.

Доколку средствата од претходниот став не се доволни за покривање на кусоците, преостанатиот дел на вишокот на расходите се покрива со вонреден придонес што го определува собранието на комуналната заедница во согласност со општинскиот народен одбор.

Член 71

Средствата на Фондот за проширено здравствено осигурување се обезбедуваат:

1. од придонесот за проширено осигурување, по издвојување на режискиот додаток и делот определен за образување на резервен фонд;

2. од приходите по основ на доброволното реосигурување;

3. од наплатените камати и надоместоци; и

4. од други приходи.

Висината на придонесот за проширено здравствено осигурување ја одредува собранието на комуналната заедница во согласност на надлежниот општински народен одбор.

Член 72

Средствата за проширено здравствено осигурување и нивното користење се искажуваат одвоено од средствата на основното здравствено осигурување.

Член 73

Вишокот на приходите над расходите утврден со завршната сметка на Фондот за проширено здравствено осигурување по издвојувањето средства за резервниот фонд, се пренесува како приход на Фондот за идната година.

Вишокот на расходите над приходите утврдени со завршната сметка на Фондот за проширено осигурување се покрива од средствата на резервниот фонд.

Член 74

Средства на Фондот за задолжително здравствено реосигурување се обезбедуваат:

1. од средствата остварени со премиите за здравствено реосигурување што се издвојуваат од фондовите за здравствено осигурување;

2. од каматите на средствата на фондот; и

3. од пренесени вишкови од минатата година.

Член 75

Фондот за задолжително реосигурување служи за израмнување на разликите помеѓу приходите и расходите во фондовите за здравствено осигурување на земјоделците што настануваат поради нееднакви економски, санитарни и демографски услови во одделни подрачја.

Член 76

Од средствата остварени со премиите за реосигурување по издвојување на режискиот додаток, кај Републичкиот завод се образува фонд за здравствено реосигурување на Републичката заедница.

Од средствата на Фондот за задолжително здравствено реосигурување се обезбедуваат средства за израмнување на разликите на одделни фондови за здравствено осигурување на земјоделците што настануваат:

1. поради понискиот просек на катастарскиот приход, односно придонес на земјоделците во одделни комунални заедници;

2. кога, поради неповолни здравствени услови, доаѓа до користење на одделни видови здравствени услуги над републичкиот просек;

3. кога бројот на заболувањата од болести специфични за одделни заедници го надминува републичкиот просек.

Собранието на републичката заедница може да предвиди и други случаи за кои ќе се спроведува реосигурувањето.

Член 77

Собранието на Републичката заедница ги утврдува ризиците што задолжително се реосигуруваат и условите под кои се признава дека настапил случајот што дава право на надоместок по основ на реосигурување.

Член 78

Премиите за реосигурување се определуваат со тарифата за премиите, што ја донесува собранието на Републичката заедница.

За целото подрачје на Републичката заедница се определуваат единствени премии за здравствено реосигурување.

Член 79

Ако со завршната сметка на Фондот за задолжителното здравствено реосигурување се утврди вишок на приходи над расходите, тој вишок, по издвојувањето на делот за резервниот фонд за здравствено реосигурување се внесува како вонреден приход во наредната година.

Резервата на Фондот за здравствено реосигурување се образува со издвојување најмалку 50% од вишокот, додека резервата не ја достигне висината од 10% од расходите на Фондот за претходната година.

Член 80

Ако со завршната сметка на Фондот за задолжително здравствено реосигурување се утврди вишок на расходи над приходите, тој вишок се покрива со средствата од резервниот фонд за здравствено реосигурување.

Вишокот на расходите кој не може да се покрие со средствата од резервниот фонд, се пренесува во наредната година во која се покрива со сразмерно зголемување на премиите за реосигурување.

Член 81

Собранието на Републичката заедница може да воведе доброволно реосигурување на определени ризици што не се опфатени со задолжителното здравствено реосигурување.

Собранието на Републичката заедница ги определува ризиците од претходниот став и ја утврдува висината на премиите.

Собранието на комуналната заедница одлучува за вклучување на комуналната заедница во доброволно здравствено реосигурување.

Член 82

На образувањето и работењето на фондовите на заедниците за здравствено осигурување на земјоделците, доколку со овој закон не е поинаку определено, сходно ќе се применуваат одредбите од Законот за организација и финансирање на социјалното осигурување.

VII НАДЗОР

Член 83

Државните органи, во поглед надзорот за спроведување на овој закон, имаат исти права и должности како и во поглед на надзорот за спроведувањето на Законот за здравствено осигурување и Законот за организација и финансирање на социјалното осигурување.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 84

Заедниците предвидени со овој закон ќе се образуваат најдоцна три месеци по влегувањето во сила на овој закон.

Член 85

Првите собранија на комуналните заедници избрани по прописите донесени врз основа на овој закон на прва седница ги свикуваат општинските народни одбори, а првото собрание на Републичката заедница Извршниот совет.

Собранијата на комуналните заедници и собранието на Републичката заедница својата прва седница ќе ја одржат најдоцна 15 дена по избирањето.

Член 86

Постојните околиски фондови за здравствено осигурување на земјоделските производители до образувањето на комунални заедници по овој закон ќе работат како заедничка комунална заедница за здравствено осигурување на земјоделците од подрачјето на околијата за кое се установени.

Републичкиот фонд за задолжително здравствено реосигурување ќе ги врши работите на републичката заедница за здравствено реосигурување на земјоделците до формирањето на фондови во смисла на овој закон.

Член 87

Управните одбори на фондовите за здравствено осигурување односно управниот одбор на Фондот за здравствено реосигурување, ќе ги врши работите предвидени со овој закон, за собранијата на заедниците до свикување на собранијата на заедниците на прва седница.

Мандатот на членовите на управниот одбор на фондот за здравствено реосигурување престанува со денот на свикување на собранијата на заедниза заедниците на прва седница.

Член 88

За вишокот на расходите над приходите во работењето на постојните фондови за здравствено осигурување на земјоделските производители утврден со завршната сметка за 1962 година сходно ќе се применуваат одредбите на член 70 од овој закон.

Член 89

Ненаплатените придонеси за здравствено осигурување на земјоделските производители од поранешните години од општинските народни одбори и од земјоделските производители се вклучуваат како приходи при определување на стопата на придонесот за здравственото осигурување.

Вишокот на расходи над приходите настанати поради ненаплатените обврски од обврзниците на придонесот се земаат предвид при определувањето на стопата на здравственото осигурување.

Член 90

Заводите за социјално осигурување со завршната сметка ќе извршат распоред на средствата и обврските на фондовите на комуналните заедници на земјоделците образувани со овој закон сразмерно бројот на осигурениците во одделните заедници.

Член 91

Општинските народни одбори се должни да ги подмират своите обврски спрема фондот за здравствено осигурување на земјоделските производители настанати според Законот за здравствено осигурување на земјоделските производители („Службен весник на НРМ“ бр. 15/60).

Член 92

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на стопанството води евиденција за сите земјоделци што подлежат на здравствено осигурување односно што ќе се определат за здравствено осигурување по овој закон, редовно ги прати промените и на заводот му дава потребни податоци.

Член 93

На работењето на комуналните заедници и нив ните односи со другите органи, организации и установи, како и во поглед на финансирањето на фондовите за здравствено осигурување на земјоделците, доколку со овој закон не е инаку определено, ќе се применуваат одредбите од Законот за организација и финансирање на социјалното осигурување, а на начинот и постапката за остварување правата на здравствената заштита сходно ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за здравственото осигурување на работниците.

Член 94

Од денот на почетокот на применувањето на овој закон престанува да важи Законот за здравственото осигурување на земјоделските производители („Службен весник на НРМ" бр. 15/60), како и прописите донесени врз основа на тој закон.

Член 95

Овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

80.

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ТАКСИТЕ НА ОДРЕДЕНИ ОРУДИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРЕДМЕТИ ВО ГРАЃАНСКА СОПСТВЕНОСТ И НИВНОТО НАПЛАТУВАЊЕ

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија, се прогласува Законот за одредување висината на таксите на одредени орудија за производство и предмети во граѓанска сопственост и нивното наплатување, што Народното собрание на Народна Република Македонија го усвои на седницата на Републичкиот собор, одржана на 11 април 1963 година и на седницата на Соборот на производителите, одржана на 11 април 1963 година.

У бр. 8
11 април 1963 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Љупчо Арсов**, с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Александар Грличков**,

З А К О Н

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ТАКСИТЕ НА ОДРЕДЕНИ ОРУДИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРЕДМЕТИ ВО ГРАЃАНСКА СОПСТВЕНОСТ И НИВНОТО НАПЛАТУВАЊЕ

Член 1

На орудијата за производство и предметите во граѓанска сопственост се плаќа годишна такса во готово и тоа:

	Динари
1. На секој трактор:	
а) до 30 коњски сили	15.000
б) преку 30 коњски сили	20 000
2. На тракторска приколка	3.000
3. На тракторски приклучни орудија (сеалка, косачка, самоврзувачка и др.)	2.000
4 На булдожер	50.000
5. На комбајн	50.000
6. На багер	50.000
7. На вршалка:	
а) на запрежна вршалка	2.000
б) на рачна вршалка преуредена на машински погон	3.000
в) на вршалка на машински погон капацитет од 500 кгр. на час	6.000
г) на вршалка на машински погон со капацитет од 500 до 1 500 кгр. на час	8.000
д) на вршалка на машински погон со капацитет преку 1.500 кгр. на час	10.000
8. На култиватор	2.000
9. На расфрлувач на вештачко ѓубре на механичка влеча или машински погон	2.000
10. На тежок плуг	5.000
11. На млин на машински погон:	
а) млин на валци, на валјак	30 000
б) млин на камења (за брашно, фураж и пиперки) со по два камења	10.000
12. На воденици:	
а) на реки, со по два камења	5.000
б) на потоци, со по два камења	1.500
13. На пилани на вода и машински погон — по пила и циркулар	20.000
14. На волновлачарница на машински погон	20.000
15. На ронилка на машински погон:	
а) до 5 коњски сили	3.000
б) преку 5 коњски сили	5.000
16 На работилница за добиточна храна	20.000
17. На сушара од тврд материјал	2.000
18. На казани за печење ракија:	
а) до 90 литри комиња	5.000
б) преку 90 до 120 литри комиња	8.000
в) преку 120 литри комиња	10.000
19. На хибридна лоза, во чокот	8
20. На работен добиток:	
а) на коњи и мазги, по грло	400
б) на волови и биволи, по грло	300

Такса за работен добиток од точка 20 на претходниот став не плаќаат сопствениците кои имаат само едно од овие грла.

Член 2

Таксени обврзници според овој закон се физичките и граѓанско-правните лица сопственици на предметите наведени во член 1 ако тие се употребливи, без оглед дали ги користат или не.

Член 3

Таксата по овој закон се плаќа според положбата на 1 јануари на годината за која се определува таксата.

Положбата се установува со попис на таксените предмети од страна на општинскиот орган на управата надлежен за работите на финансиите.

Пописот се врши во текот на месец јануари на годината за која се определува таксата.

Врз основа на пописот од претходниот член, општинскиот орган на управата надлежен за работите на финансиите должен е да изврши облог најдоцна до крајот на месец февруари.

Член 4

Известувањето на обврзниците за висината на обложената такса се врши со излагање на распоредот на јавен увид на начин определен за даночните обврзници — земјоделци.

Член 5

Против облогот на таксата обврзникот може да изјави жалба во рок од 15 дена по истекот на времето во кое распоредот мора да биде изложен.

Жалбата не ја задржува наплатата.

Член 6

За доспеаноста, плаќањето, емството, застареноста, каматата и книжењето на таксата ќе се применуваат соодветните прописи за данокот на доход, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 7

Таксата по овој закон ја наплатува општината на чија територија се наоѓа постојаното место на живеење на таксениот обврзник.

По исклучок, наплатата на таксата на хибридна лоза ја наплатува општината на чие подрачје се наоѓа земјиштето засадено со хибридна лоза.

Член 8

Таксените обврзници се должни да му дадат на општинскиот орган на управата надлежен за работите на финансиите сите податоци што тој ги бара во врска со облогот.

Ако таксениот обврзник не ги даде или неточно ги даде податоците од претходниот став ќе плати покрај редовната такса и зголемена такса во еднострук износ.

Зголемената такса се наплатува истовремено со наплатата на редовната такса.

Член 9

За 1963 година облогот на таксените предмети ќе се изврши во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон според пописот што ќе се изврши во тој рок со положба на ден 1 јануари 1963 година.

Таксата за изминатите тримесечја во 1963 година ќе доспее за плаќање заедно со даноците од идното тримесечје.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

81.

На основа член 42 од Основниот закон за финансирање на школството, Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 11 април 1963 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 11 април 1963 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН ФОНД ЗА ШКОЛСТВО ЗА 1962 ГОДИНА

I. Се дава согласност на завршната сметка на Републичкиот општествен фонд за школство за 1962 година и тоа за:

А. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

1. Пренесени средства од 1961 година — — — — — — —	144.629.591 дин.
2. Учество во придонесот за општествените фондови за школство што го плаќаат стопанските организации и самостојните установи — — — — — —	372.369.589 "
3. Учество во придонесот за општествените фондови за школство што го плаќаат приватните дуќани — — — — —	8.355.209 "
4. Дел (15,46%) од вкупните приходи на Народна Република Македонија што и припаѓаат според Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи — — — —	1.489.856.568 "
5. Дел (3%) од придонесот за буџетите од личниот доход што и припаѓа на Народна Република Македонија — — —	104.740.652 "
6. Дотација од Републичкиот буџет за основна дејност — —	10.000.000 "
7. Дотација од Сојузниот општествен фонд за школство — —	253.460.000 "
8. Средства од кредити — — —	454.625.000 "
9. Други приходи (од укинатиот Републички фонд за кадрови 22.796.646 дин., 50% на име регрес за дадените училиа за основното школство 4.409.750, на име камати од дадените долгорочни кредити 452.609) — —	27.659.005 "
Вкупно остварени приходи на 31-XII-1962 год. — — — —	2.865.695.614 "
10. Планирани приходи — — —	2.980.107.000 дин.
11. Остварени приходи — — —	2.865.695.614 "
12. Неостварени приходи на 31-XII 1962 г. — — — — — —	114.411.386 "

Б. ИЗВРШЕНИ РАСХОДИ

1. За основна дејност на школите	1.501.484.131	”
2. За инвестиции — — — —	761.323.177	”
3. За кредити на други општествени фондови за школство за изградба на училишта — —	78.751.640	”
4. Манипулативни трошоци —	4.217.094	”
Вкупно извршени расходи —	2.345.776.042	”
Салдо на 31-XII-1962 г. — —	519.919.572	”

В. ДОПОЛНИТЕЛНО ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ОД 1962 г. ВО ЈАНУАРИ 1963 г. ОД СЛЕДНИТЕ ИЗВОРИ

— од делот 15,46% од вкупните приходи на НРМ — — —	36.501.012	”
— од делот 3% од придонесот од личниот доход — — — —	3.841.143	”
— од кредитот од специјалниот фонд за помагање развитокот на стопански заостанатите подрачја — — — — — —	45.375.000	”
Вкупно остварени приходи во 1963 од 1962 година — — —	85.717.155	”
За пренос во 1963 година —	605.636.727	”

II. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 318
11 април 1963 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
Љупчо Арсов, с. р.

Претседател на Соборот на производителите,
Борко Темелковски, с. р.

Претседател на Републичкиот собор,
Киро Георгиевски, с. р.

82.

На основа член 42 од Основниот закон за финансирање на школството, Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 11 април 1963 година и на седницата на Соборот на производителите, одржана на 11 април 1963 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН ФОНД ЗА ШКОЛСТВО ЗА 1963 ГОДИНА

I. Се дава согласност на Финансискиот план на Републичкиот општествен фонд за школство за 1963 година и тоа:

А. ПРИХОДИ

1. Пренесени средства од 1962 година — — — — — —	605.637.000	дин.
2. Учество во придонесот за општествените фондови за школство — — — — — — —	435.000.000	”
3. Учество во придонесот за општествените фондови за школство што го плаќаат приватните дуќани — — — —	9.000.000	”
4. 15,52% од учеството во заедничките приходи дел за Републичкиот буџет и во сојузната дотација што му припаѓа на буџетот на Народна Република Македонија — — —	1.694.000.000	”
5. 3% од делот на придонесот за буџетите од личниот доход што и припаѓа на Народна Република Македонија — — —	131.544.000	”
6. Дотација од Сојузниот општествен фонд за школство —	106.000.000	”
7. Повратни кредити — — —	153.500.000	”
8. Кредит од Сојузниот фонд за унапредување развитокот на стопански неразвиените подрачја што му се доделува на Фондот — — — — — —	300.000.000	”
9. Ануитети и камати — — —	8.000.000	”
10. Други приходи (од регрес за нагледни средства) — — —	10.000.000	”
	3,452.681.000	”

Б. РАСХОДИ

1. Финансирање на школите чиј основач е Народна Република Македонија — — — — —	1,790.502.000	дин.
а) Основна дејност:		
— на Универзитетот текушто финансирање — —	1,280.502.000	”
— на Универзитетот обврски од 1962 г. — — — —	15,351.000	”
— на вишите школи текушто финансирање —	316.515.000	”
— на вишите школи обврски од 1962 год. — —	20.792.000	”
— резерва за основна дејност — — — — —	157.341.000	”
2. Финансирање на школите во чие финансирање учествува Народна Република Македонија:		

В. ИНВЕСТИЦИИ

3. Помош на општинските општествени фондови за школство за изградба и опрема на училиштата		
а) текушто финансирање —	949.300.000	дин.
б) обврски од 1962 година —	543.596.000	„
4. Изработка на типски проекти	8.000.000	”
5. Кредити на општинските општествени фондови за школство		

а) обврски од 1962 година —	77.516.000	”
6 Данок на промет, камати и провизија на кредитите — —	4.772.000	”
7. Манипулативни трошоци —	7.000.000	”
8. Оперативна резерва — — —	71.996.000	”
Вкупно расходи:	3.452.681.000	”

II. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 318
11 април 1963 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
Љупчо Арсов, с. р.

Претседател на Соборот на производителите, **Борко Темелковски,** с. р.

Претседател на Републичкиот собор, **Киро Георгиевски,** с. р.

83.

На основа член 57 став 2 од Законот за здравствено осигурување на земјоделците, Народното собрание на седницата на Републичкиот собор, одржана на 11 април 1963 година и на седницата на Соборот на производителите, одржана на 11 април 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА НАЈВИСОКАТА ГРАНИЦА НА СТОПАТА И ПАУШАЛНИОТ ИЗНОС НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ОСНОВНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ ЗА 1963 ГОДИНА

I

Највисоката граница до која собранијата на комуналните заедници можат да ја определат стопата и паушалниот износ на придонесот за основно здравствено осигурување на земјоделците за 1963 година се утврдува:

1. од катастарскиот приход и другите споредни стопански дејности во земјоделството што подлежат на оданочување до 9%;

2. во паушален износ по глава на корисник што го плаќа земјоделскиот производител кој нема сопствен земјоделски имот, а се занимава со земјоделска дејност (обработува земјоделски имот под закуп) до 1.500 динари годишно.

Придонесот за здравствено осигурување ќе се пресметува за сите домаќинства што се обложени со данок на доход од земјоделство.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 164/1
11 април 1963 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
Љупчо Арсов, с. р.

Претседател на Соборот на производителите, **Борко Темелковски,** с. р.

Претседател на Републичкиот собор, **Киро Георгиевски,** с. р.

84.

На основа член 91 став 1 од Законот за организација и финансирање на социјалното осигурување, Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 11 април 1963 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 11 април 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ГРАНКИ, ГРУПИ ОДНОСНО ПОДГРУПИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОПРЕДЕЛИ ДОДАТЕН ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Додатен придонес за здравствено осигурување може да се определи за подгрупи односно групи на организации во следните гранки на дејноста:

Гранка	Назив на област — гранка
ОБЛАСТ	1. ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВО
111—00	Производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија
112—00	Производство и преработка на јаглен
114—00	Црна металургија
115—00	Металургија на обоени метали
116—00	Производство, оплеменување и преработка на неметални минерали
117—00	Метална индустрија
119—00	Електро-индустрија
120—00	Хемиска индустрија
121—00	Индустрија на градежни материјали
122—00	Дрвна индустрија
123—00	Производство на хартија
124—00	Текстилна индустрија
125—00	Индустрија на кожа и обувки
126—00	Индустрија на гума
127—00	Прехранбена индустрија
128—00	Графичка индустрија
129—00	Тутунова индустрија
ОБЛАСТ	2. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РИБАРСТВО
211—00	Земјоделство
212—00	Рибарство
213—00	Водостопанство
ОБЛАСТ	3. ШУМАРСТВО
311—00	Стопанисување со шуми

ОБЛАСТ 4. ГРАДЕЖНИШТВО

411—00 Проектирање
412—00 Градење
413—00 Монтажа

ОБЛАСТ 5. СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

511—00 Железнички сообраќај
513—00 Речен и езерски сообраќај
515—00 Друмски сообраќај
516—00 Градски сообраќај
519—00 Врски

ОБЛАСТ 6. ТРГОВИЈА И УГОСТИТЕЛСТВО

611—00 Трговија на мало
612—00 Трговија на големо
613—00 Надворешна трговија
614—00 Трговски услуги
620—00 Угостителство

ОБЛАСТ 7. ЗАНАЕТЧИСТВО

717—00 Металопреработувачка дејност
719—00 Производство на електрични апарати и прибор
721—00 Производство на градежни материјали
722—00 Преработка на дрво
724—00 Производство на текстилни производи
725—00 Преработка на кожа
726—00 Производство на гумени производи
727—00 Производство на прехранбени производи
728—00 Печатници и книговезници
738—00 Производство и поправање на разновидни производи
740—00 Градежно занаетчиство
770—00 Занаетчиски лични и други услуги

ОБЛАСТ 8. СТАНБЕНА И КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ

812—00 Комунална дејност

ОБЛАСТ 9. ДЕЈНОСТ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И СЛУЖБИ

011—00 Општествени организации
012—00 Дејност на стопанските комори, задружните сојузи и друго
013—00 Финансии и осигурување
014—00 Дејност на заводите за социјално осигурување
015—00 Дејност на органите на власта и управата
016—00 Други општествени служби

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 164/3
11 април 1963 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
Љупчо Арсов, с. р.

Претседател на Соборот на производителите, **Борко Темелковски**, с. р.

Претседател на Републичкиот собор, **Киро Георгиевски**, с. р.

85.

На основа член 91 став 1 од Законот за организација и финансирање на социјалното осигурување, Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 11 април 1963 година и на седницата на Соборот на производителите, одржана на 11 април 1963 година донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ГРАНКИ, ГРУПИ ОДНОСНО ПОДГРУПИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОПРЕДЕЛИ ДОДАТЕН ПРИДОНЕС ЗА ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Додатен придонес за инвалидско осигурување може да се определи за организации од следниве гранки на дејности во одделни области:

Гранка	Назив на област — гранка
ОБЛАСТ	1. ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВО
112 — 00	Производство и преработка на јаглен
115 — 00	Металургија на обоени метали
121 — 00	Индустрија на градежни материјали
124 — 00	Текстилна индустрија
125 — 00	Индустрија на кожа и обувки
127 — 00	Прехранбена индустрија
129 — 00	Тутунова индустрија
ОБЛАСТ	4. ГРАДЕЖНИШТВО
411 — 00	Проектирање
412 — 00	Градење
413 — 00	Монтажа
ОБЛАСТ	5. СООБРАЌАЈ И ВРСКИ
511 — 00	Железнички сообраќај
ОБЛАСТ	8. СТАНБЕНА И КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ
812 — 00	Комунална дејност

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 164/2
11 април 1963 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
Љупчо Арсов, с. р.

Претседател на Соборот на производителите, **Борко Темелковски**, с. р.

Претседател на Републичкиот собор, **Киро Георгиевски**, с. р.

Оіласен дел

КОНКУРСИ

АДМИНИСТРАТИВНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА НР МАКЕДОНИЈА

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место стручен референт во Административниот секретаријат на Извршниот совет

УСЛОВИ:

а) Правен факултет со 10 години практика во управната струка;

б) Кандидатите да ги исполнуваат условите предвидени во член 31 од Законот за јавните службеници.

Молбите таксирани со 50 динари таксена марка и куса биографија ќе се доставуваат до Административниот секретаријат на Извршниот совет — Одделение за општи и персонални работи.

Конкурсот ќе трае до пополнување на работното место.

ЗАБЕЛЕШКА: За поподробни појаснувања кандидатите можат да се обратат во Одделението за општи и персонални работи на Административниот секретаријат на Извршниот совет, лично или по телефон 24-85. (387)

УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОСНОВНОТО ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ „НАУМ НАУМОВСКИ-БОРЧЕ“ — МАЏАРИ — СКОПЈЕ

распишува

РЕДОВЕН КОНКУРС

за пополнување на следните работни места:

1. Учители за одделенска настава — — — 5
2. За предметна настава:
   - а) Математика — — — — — — — — 3
   - б) Физика — — — — — — — — — 1
   - в) Историја — — — — — — — — — 1
   - г) Македонски со српски јазик — — — 1
   - д) Музичко воспитување — — — — 1

Услови:

За работните места вод точка 1 и точка 2 подточка (д) се бара завршена учителска — односно музичка школа и положен стручен испит.

За работните места под точка 2 подточките (а) и (б) се бара завршена педагошка академија или природоматематички факултет соодветна група.

За работните места под точка 2 подточките (в) и (г) се бара завршена педагошка академија или филозофски факултет соодветна група и положен стручен испит.

Заинтересираните кандидати доставуваат молба со потребните документи по член 31 од Законот за јавните службеници до училишниот одбор.

Молбите се примаат заклучно до 15 јуни 1963 год. (393)

УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ПРИ ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СТИВ НАУМОВ“ — СКОПЈЕ

распишува

РЕДОВЕН КОНКУРС

за пополнување упразнетите места за наставен кадар во учебната 1963/64 година и тоа:

1) Професор или наставник по математика и физика 2
2) Наставник или стручен учител по општо техничко образование 1
3) Наставник или стручен учител по музика 1

Услови:

Канидатите треба да имаат завршена соодветна школа и положен стручен испит.

Кон молбата да бидат приложени:

— оверен препис од дипломата за образование и положен стручен испит;

— оверен препис од оценувачките листови за последните три години;

— последните оценети решенија за основната и положајната плата и

— преглед за движењето во службата.

Молбите со некомплетирани документи нема да се земаат во постапка.

Конкурсот ќе трае заклучно до 31 мај 1963 година. (395)

ШКОЛСКИОТ ОДБОР НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ЛИРИЈА“ ВО СКОПЈЕ

распишува

КОНКУРС

за пополнување на слободните работни места за учебната 1963/64 година според Законот за малцинските училишта и тоа:

1. Наставници по предметите:
   - а) Физика 1
   - б) Математика 3
   - в) Запознавање на општеството 1
   - г) Запознавање на природата 1
2. Стручни учители по предметите:
   - а) Здравствено и физичко воспитување 1
   - б) Музичко воспитување 1

УСЛОВИ:

За работните места под точката 1) потребна е завршена педагошка академија или ВПШ, а под точка 2) средно стручно училиште за струката и положен стручен испит и најмалку 4 години практика во струката.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

За работните места под точката 2) „а“ предимство имаат жени додека под „б“ да имаат способност за раководење со мандолински оркестар.

Молбите прописно таксирани се доставуваат до школскиот одбор на училиштето во времето од 1 до 31 мај 1963 година со следните прилози:

1. податоци за движење во службата (стаж),
2. дипломи,
3. последни 3 оценувачки листови,
4. последното оценето решение,
5. документ за решено станбено прашање.

Одборот не ги сносува патните и селидбените трошоци.

Во молбата да се назначи точната адреса каде ќе се наоѓа кандидатот во времето од 20 до 30 јуни 1963 година. (388)

УЧИЛИШНИТЕ ОДБОРИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА „ТЕФЕЈУЗ“ И „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“ — СКОПЈЕ

распишуваат

РЕДОВЕН КОНКУРС

за пополнување на упразнетите работни места со наставен кадар за учебната 1963/64 година

1. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТЕФЕЈУЗ“

а) Паралелки со македонски наставен јазик:

— наставници по математика и физика — 2
— наставник по музичко воспитување — 1
— наставник по општо техничко образование — — — — — — — — — — 1

б) Паралелки со турски наставен јазик:

— наставници по турски наставен јазик — 2
— наставник по географија — — — — 1
— наставници по математика — — — — 3
— наставник по физика — — — — — 1
— наставник по хемија-биологија — — — 1
— наставник по запознавање на природа и општество — — — — — — — 1
— наставник по општо техничко образование — — — — — — — — — 1

2. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“

— учител во паралелка со шиптарски наставен јазик — — — — — — — 1
— наставник по српскохрватски јазик — 1
— наставници по историја, географија, запознавање на општеството — — — — 2
— наставници по математика — физика — 3
— наставник по музичко воспитување — 1

УСЛОВИ:

За работните места наставник се бара висока или виша стручна спрема, а за учител учителска школа, положен стручен испит и над 5 години служба.

За наставник по музичко воспитување да е оспособен за раководење на оркестар и хор.

Заинтересираните кандидати треба да се јават до училишните одбори.

Кон молбата треба да бидат приложени:

1. документи за школски квалификации и стручност,
2. податоци за движењето во службата со последно оценето решение,
3. оценувачки листови или други документи од кои ќе се види работата во последните три години,
4. за почетници во службата сите документи предвидени по член 31 од ЗЈС.

Во молбата да се назначи точна адреса на кандидатот во времето од 15 до 25. VI. 1963 година.

Рок за пријавување на конкурсот е 31. V. 1963 година. (392)

СОДРЖИНА

Страна

79. Указ за прогласување на Законот за здравствено осигурување на земјоделците — — 201
Закон за здравствено осигурување на земјоделците — — — — — — — — — 201

80. Указ за прогласување на Законот за одредување висината на таксите на одредени орудија за производство и предмети во граѓанска сопственост и нивното наплатување — — — — — — — — — — 210
Закон за одредување висината на таксите на одредени орудија за производство и предмети во граѓанска сопственост и нивното наплатување — — — — — — 210

81. Одлука за давање согласност на завршната сметка на Републичкиот општествен фонд за школство за 1962 година — — 211

82. Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Републичкиот општествен фонд за школство за 1963 година — — 212

83. Одлука за највисоката граница на стопата и паушалниот износ на придонесот за основното здравствено осигурување на самостојните земјоделски производители за 1963 година — — — — — — — — 213

84. Одлука за определување гранки, групи односно подгрупи организации во кои може да се определи додатен придонес за здравствено осигурување — — — — — 213

85. Одлука за определување гранки, групи односно подгрупи организации во кои може да се определи додатен придонес за инвалидско осигурување — — — — — 214

Издавач: „Службен весник на НРМ“ — новинско-издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10. Пошт. фах. 51. Тел. 19-86. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 802—11/1-698 при Народната банка — Скопје. Графички завод „Гоце Делчев“ (2562) — Скопје.